**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр.08-140**
**04.04.2018 година**
**Скопје**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 70 став 2 и став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 18 став 1 алинеја 20 во врска со член 18 став 1 алинеја 1 од истиот Закон, а согласно член 92 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) и Заклучокот на Советот, бр.02-1717/3 од 04.04.2018 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво ЕНЦЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип бр.03-20/1 од 21.03.2018 година (наш Уп1 бр.08-140 од 23.03.2018 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на државно ниво – целата територија на Република Македонија, на 20-та седница одржана на 04.04.2018 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво ЕНЦЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип бр.03-20/1 од 21.03.2018 година (наш Уп1 бр.08-140 од 23.03.2018 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на државно ниво – целата територија на Република Македонија, затоа што согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободна радиофреквенција, односно затоа што согласно Информацијата за слободни фреквенции за радио на државно ниво бр.0805-1241 од 28.03.2018 година (наш Уп1 бр.08-140 од 28.03.2018 година), од страна на Агенцијата за електронски комуникации утврдено е дека не постои можност за реализација на нова радио мрежа за национално покривање.

2. Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Оваа Одлука е конечна.

## **Образложение**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 23.03.2018 година доставено е Писмено барање од заинтересирана страна, Трговското радиодифузно друштво ЕНЦЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип бр.03-20/1 од 21.03.2018 година (наш Уп1 бр.08-140 од 23.03.2018 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат или програмски сервис говорно радио со претежно информативен општ формат, на државно ниво – целата територија на Република Македонија.

Согласно член 70 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободни радиофреквенции, Агенцијата во рок од осум дена од денот на приемот на барањето од заинтересирана страна, ќе донесе одлука со која истото ќе го одбие.

Во врска со предметното барање од заинтересирана страна, а со цел да добие информација дали согласно Планот за доделување и користење на

радиофреквенциите има слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на државно ниво - целата територија на Република Македонија, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26.03.2018 година се обрати до Агенцијата за електронски комуникации (наш Уп1 бр.08-140 од 26.03.2018 година).

На 28.03.2018 година, Агенцијата за електронски комуникации до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Информација за слободни фреквенции за радио на државно ниво, бр.0805-1241 од 28.03.2018 година (наш Уп1 бр.08-140 од 28.03.2018) – Прилог бр.1 кон оваа Одлука, со кое меѓудругото ја извести дека "Со извршената анализа на опсегот наменет за звучна радиодифузија, во фреквенцискиот опсег 87.5 – 108.0 MHz, од страна на Секторот за радиокомуникации, утврдено е дека не постои можност за реализација на нова радио мрежа за национално покривање."

Согласно член 92 став 1 од Законот за општа управна постапка кога со закон е определено управен акт да донесува еден јавен орган по претходна согласност, потврда, одобрение или мислење од друг јавен орган, управниот акт се донесува откако другиот јавен орган дал согласност. Јавниот орган што донесува управен акт е должен во својот управен акт да го наведе актот со кој другиот јавен орган дал или одбил согласност.

Следствено на тоа, Советот на Агенцијата врз основа на член 70 став 2 и став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 18 став 1 алинеја 20 во врска со член 18 став 1 алинеја 1 од истиот Закон, а согласно член 92 од Законот за општата управна постапка и Заклучокот на Советот, бр.02-1717/3 од 04.04.2018 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво ЕНЦЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип бр.03-20/1 од 21.03.2018 година (наш Уп1 бр.08-140 од 23.03.2018 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на државно ниво – целата територија на Република Македонија, донесе одлука истото да се одбие, затоа што согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободна радиофреквенција, односно затоа што согласно Информацијата за слободни фреквенции за радио на државно ниво бр.0805-1241 од 28.03.2018 година (наш Уп1 бр.08-140 од 28.03.2018 година), од страна на Агенцијата за електронски комуникации утврдено е дека не постои можност за реализација на нова радио мрежа за национално покривање.

Врз основа на сето понапред наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 (триесет) дена од денот на нејзиниот прием.

**Прилог (1):**

- Информација од АЕК за слободни фреквенции за радио на државно ниво, бр.0805-1241 од 28.03.2018 година (наш Уп1 бр.08-140 од 28.03.2018 година).

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Заинтересираната страна, подносител на писменото барање, Трговското радиодифузно друштво ЕНЦЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ЕНЦЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организациони единици/сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1).

Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: +389 2 32 89 200
факс: +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

28.03.2018
08 140

**До: Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски содржини
Бул.ВМРО бр.3
1000 Скопје**

ПРЕДМЕТ: Информација за слободни фреквенции за радио на државно ниво
**Ваш бр.08-140 од 26.03.2018**

Во врска со вашето барање информација за слободни фреквенции во опсегот 87.5 – 108.0 MHz на територијата на Република Македонија, за реализација на нова радио мрежа, на барање на ТРД Енџелс ФМ ДООЕЛ, Штип, ве известуваме за следното:

Врз основа на член 8 и член 130 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на РМ" бр.39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), Агенцијата за електронски комуникации ги изготвува плановите за доделување и користење на радиофреквенции и врши периодична анализа на зафатеноста на опсезите наменети за сите видови на радиослужби.

Со извршената анализа на опсегот наменет за звучна радиодифузија, во фреквенцискиот опсег 87.5 – 108.0 MHz, од страна на Секторот за радиокомуникации, утврдено е дека не постои можност за реализација на нова радио мрежа за национално покривање.

Ве потсетуваме дека во текот на 2013 се издадени одобренија за користење на радиофреквенции, за радио, на ТРД Радио Слободна Македонија, Скопје и тоа под строги ограничувања од аспект на користење на фреквенции, географски ограничувања при избор на предавателна локација како и технички ограничувања, а во текот на 2014 годна, за истиот корисник, е направено дополнително репланирање поради потешкотии при изборот на фреквенции за покривање на територијата на Република Македонија.

Во звучната радиодифузната служба, особено на подрачјето на градовите Скопје, Битола, Гевгелија, Струмица и други поголеми градови постои присуството на голем број на сигнали поради што не постои можност за нова доделба.

Согледувајќи ги наведените факти и образложенија, ве известуваме дека не е можна реализија на радио мрежа за национално покривање за потполно нов корисник.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: 0805-1241
Скопје, 28-03-2018

**По овластување од Директорот,
Игор Бојаџиев**

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii